Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 23-та седница одржана на 14.06.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-2274/2 од 09.06.2022 година за поведување прекршочна постапка против операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2274/1 од 08.06.2022 година на Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево и утврди дека субјектот на надзорот не постапил по Решението за јавна опомена и за исклучување на реемитување на програмските сервиси (Уп.1 бр.11-158 од 27.05.2022 година), односно не го усогласил своето работење со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Советот заклучи против Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд. Наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа во својот програмски пакет го реемитува програмскиот сервис RTCG Sat, којшто не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно и покрај Решението за изрекување мерка опомена донесено на 27.05.2022 година, Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да изготви барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор на електронска комуникациска мрежа.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2312/2**

**14.06.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**